**Кратко резиме на донесениот Заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување на постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош од страна на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на Одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz**

Согласно член 10, член 15 став (4) и член 18 од Законот за контрола на државната помош (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 145/10), на ден 14.12.2021 година Комисијата за заштита на конкуренцијата започна постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државна помош од страна на Агенцијата за електронски комуникации на основа на Одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz.

Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на заинтересирана странка беше известена дека Агенцијата за електронкси комуникации (АЕК) на 01.06.2021 година објави Намера за спроведување на постапка на јавен тендер со јавно наддавање, која претставува прв чекор во постапката за доделување на решенија за доделување на радиофреквенции односно за избор на нов мрежен оператор.

Во точката 5 од Намерата ,,Висината и начинот на плаќање на најнискиот износ на еднократниот надоместо за користење на радиофреквецнии" е наведено дека АЕК ќе и предложи на Владата висината на еднократниот надоместок за нов мрежен оператор за одобренијата А1 и В1 да биде намален за 50% односно за одобрението А1 од 6 милиони евра да се намали на 3 милиони евра и за одобрението В1 од 3 милиони евра да се намали на 1,5 милиони евра.

Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 9.11.2021 година донесе Одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 256/21), при што најниската висина на еднократниот надоместок за одобрението А1 е одредено да изнесува 2,75 милиони евра додека за В1 одобрениеето е одредено да изнесува 1,25 милиони евра. За таквата донесена Одлука на директорот на Агенцијата за електронски комуникации даде согласност и Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9.11.2021 година при што донесе и Одлука за давање согласност објавена во ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 254/21.

Според Комисијата за заштита на конкуренцијата намалениот еднократен надоместок за одобренијата А1 и В1 односно за избор на нов мрежен оператор претставува државна

помош во смисла на законодавството за државна помош, бидејќи имаме состојба на потенцијално или реално намалени приходи на државата споредбено со состојбата кога/ако третиот мрежен оператор би платил пазарна цена на еднократен надоместок за одобренијата А1 и В1 при влегување на нашиот пазар. Согласно член 5 од Законот за контрола на државната помош намалувањето на еднократниот надоместок со донесената Одлука на АЕК (при што Владата на Република Северна Македонија дала согласност за таквата донесена Одлука на АЕК), на определеното претпријатие му овозможува економска предност која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Следствено постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на таквата помош.

Се повикуват заинтересираните лица да достават коментари и мислења во писмена форма во врска со јавниот тендер со јавно наддавање за избор на трет мрежен оператор од страна на Агенцијата за електронски комуникации, а за кој Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе Заклучок за поведување постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Коментарите и мислењата на заинтересираните лица можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. ,,Св. Кирил и Методиј” бр. 54, или по е-маил: kzk@kzk.gov.mk во рок од 10 дена  од денот на објавувањето на краткото резиме на Заклучокот.